Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014 и 199/2014), член 9, став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/201 и 20/2015) и член 55 став 4, алинеја 1 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Научниот институт за тутун Прилеп, во состав на УКЛО Битола, Советот на Научниот институт за тутун Прилеп, на 5та седница одржана на 05.05. 2017г., го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К

# З А
# И З М Е Н А  И  Д О П О Л Н У В А Њ Е

# НА

# ПРАВИЛНИКОТ
# за систематизација на работните места во Научниот институт за тутун - Прилеп

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Научниот институт за тутун Прилеп во состав на УКЛО Битола бр. 01-200/1 од 14.03.2017г., за кој се доби Писмена согласност бр. 12/6 – 839/2 од 17.03.2017г. од Министерството за информатичко општество и администрација, се врши измена и дополнување и тоа :

### Член 2

Во чл. 6 Категорија Г, ниво Г3 наместо лаборант/техничар, треба да стои лаборант / технички соработник/ техничар.

### Член 3

Во чл. 19 Категорија А, помошно технички лица, наместо вкупен број 20 треба да стои 21, а кај Општ работник наместо вкупен број 15 треба да стои вкупен број 16.

**Член 4**

Во делот на Описот на работните места од ред. Бр. 1 до реден број 5, кај работните цели, во ст 1 : наместо Правилникот за квалитет на Институтот, треба да стои Прирачникот за квалитет на Институтот.

**Член 5**

Кај работното место бр. 12 Советник за ИКТ, во делот на работни задачи и обврски, послениот став треба да гласи : Врши и други работи што се во рамките на работното место.

**Член 6**

Пред работното место под реден бр. 25 наместо Служба за семепроизводство треба да стои : Служба за производство на тутунско семе и тутун.

**Член 7**

Во работното место под ред. Бр. 25, во делот на Број на извршители наместо 10 треба да стои 11, а во делот Одговара пред : наместо Раководителот на службата за семепроизводство, треба да стои пред Раководителот на Службата за производство на тутунско семе и тутун.

**Член 8**

Во табеларниот преглед 2 во графата лаборант, наместо лаборант треба да стои : Лаборант/технички соработниик/техничар.

**Член 9**

Во табеларниот преглед 3 во графата лаборант наместо лаборант, треба да стои : Лаборант/технички соработниик/техничар.

**Член 10**

Во табеларниот преглед 3 во Службата за производство на тутунско семе и тутун, бројот на Вишите лаборанти наместо 1 се зголемува на 2, и Вкупниот број наместо 3 се зголемува на 4.

## II. Преодни и завршни одредби

### Член 11

Со влегувањето во сила на овој Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Научниот институт за тутун, станува составен дел од Правилникот за систематизација на работните места во Научниот институт за тутун Прилеп во состав на УКЛО Битола со бр. 01-200/1 од 14. 03. 2017г.

### Член 12

Овој Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Научниот институт за тутун влегува во сила со денот на објавувањето во „ Билтенот на УКЛО Битола“ а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор

Проф д-р Гордана Мицеска